**20242073566**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 21 од Законот за проспекти и обврски за транспарантност за издавачите на хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/2024) и член 438 алинеја 9) од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024) Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 4.10.024 година, утврди

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРИВАТНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ДОКУМЕНТИТЕ ШТО СЕ ПОДНЕСУВААТ КОН БАРАЊЕТО ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПРИВАТНА ПОНУДА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ЕМИСИЈАТА

## Општи одредби

Член 1

(1) Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност и документите што се поднесуваат кон барањето за исполнување на условите за приватна понуда, како и известувањето за реализацијата на емисијата (во понатамошниот текст: Правилник) ја уредува формата и содржината на:

1. Барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност (во натамошниот текст: Барање);
2. Соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда;
3. Известувањето за запишани и платени хартии од вредност од приватна понуда; и
4. Известувањето за реализација на приватна понуда на хартии од вредност.

(2) За цели на овој Правилник ќе се користат следните изрази:

- Комисија е Комисија за надзор на пазарот на капитал;
- Закон е Закон за проспекти и обврски за транпарентност за издавачите на хартии од вредност, освен ако не е поинаку определено во некој член;
- Трансакција е трансакција со која се врши купување или продавање на финансиски инструменти на места за тргување.

## ДЕЛ 1
## Форма и содржина на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност

Член 2

(1) Барањето е документ од издавачот на хартии од вредност во кој се наведуваат податоци за издавачот; податоци за лицата во надзорниот одбор, управниот одбор, одборот на директори, односно управителот; податоци за претходно издадените хартии од вредност на издавачот и податоци за емисијата на хартии до вредност.

(2) Барањето задолжително содржи изјава од лицето/лицата кое/кои го застапува/ат издавачот дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека емисијата е во согласност со закон и актите на друштвото, податоците наведени во барањето се веродостојни, потполни и точни, и истите даваат целосен и вистински приказ на работењето на друштвото.

(3) Барањето и документацијата може да се поднесе во архивата на Комисијата во хартиена или електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат. Доколку се доставува во хартиена форма тогаш задолжително се доставува и во електронски облик на CD/DVD медиум во PDF формат.

Член 3

(1) Барањето ги содржи податоците пропишани со образецот Б-ПП "Барање за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност" кој како Прилог 1 е составен дел на овој Правилник.

(2) Образецот треба да е испишан електронски, уредно, читливо, без корекции, да е потврден со печат на издавачот и потпишан на секоја страница од лицето/лицата што го застапува/ат издавачот. Образецот задолжително ги содржи сите пропишани податоци. Доколку образецот се поднесува во електронска форма потпишан со квалификуван дигитален сертификат (не е потребен печат од издавачот).

(3) Во прилог кон образецот, до Комисијата издавачот задолжително ја доставува и документацијата пропишана со овој Правилник, податоци за постапката за донесувањето на актот за издавање на хартии од вредност пропишани со Образецот И-ЗТД 1 ,, Изјава за постапката за донесување на актот за издавање на хартиите од вредност во случај на зголемување на основната главнина со одобрен капитал‘‘ кои се како Прилог 2, односно Прилог 3 составен дел на овој Правилник и доказ за платен надомест за разгледување и одлучување по барањето за издавање хартии од вредност согласно Тарифникот за содржината и висината на одделни надоместоци што ги наплатува Комисијата од член 416 од Законот за финансиски инструменти.

(4) Доколку хартиите од вредност наместо со парични уплати се стекнуваат по други основи, во прилог кон барањето се доставува и документот согласно кој се стекнуваат хартиите од вредност односно:

- при внесување непаричен влог во друштвото се доставува проценка на истиот изготвена согласно закон; при издавање акции во постапка на присоединување се доставува Спогодбата за присоединување и Извештајот од овластениот ревизор за извршена ревизија на Спогодбата за присоединување; при исплата на дивиденда во акции се доставува Одлуката за распоред на финансискиот резултат и дивидендниот календар, итн.

(5) Во случај кога приватната понуда е наменета за квалификувани инвеститори, во прилог кон Барањето, издавачот доставува соодветен доказ дека познатиот купувач на кого е наменета приватна понуда е квалификуван инвеститор согласно член 91 и член 93 од Законот за финансиски инструменти.

( 6) При приватна понуда за запишување и уплаќање на хартии од вредност во случај на заем што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото кога заемот е даден од страна на единствениот акционер на друштвото, до Комисијата се доставуваат следните документи:

(1) договор за заем даден исклучиво од единственtиот акционер на издавачот;

(2) договор за трансформација на заем во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина;

- одлука за трансформација на заем во влог во друштвото во постапката за зголемување на основната главнина на друштвото;

- извештај од овластен проценител за проценка на заемот што се транформира во влог во друштвото во постапката на зголемување на основната главнина;

- изјава од одговорното лице на издавачот заверена кај нотар која ги содржи податоците пропишани со Образецот И-ОЛ-И „Изјава од одговорното лице на издавачот“ кој е составен дел на овој правилник;

- изјава од единствениот акционер на издавачот заверена кај нотар која ги содржи податоците пропишани со Образецот И-ОЛ-ЕАИ „Изјава од одговорното лице на единствениот акционер на издавачот„ – за правно лице односно со Образецот И-ФЛ-ЕАИ „Изјава од единствениот акционер на издавачот – физичко лице„ – за физичко лице.

(7) При издавање на обезбедени обврзници по пат на приватна понуда, до Комисијата се доставуваат следните документи:

− Договор за застапување склучен меѓу издавачот на обезбедените обврзници и заедничкиот застапник;

− Договор за залог на недвижниот имот што служи како обезбедување склучен меѓу издавачот на обезбедените обврзници и заедничкиот застапник;

− Доказ за упис на залогот на недвижниот имот во соодветниот регистар согласно Законот за договорен залог;

− Извештај од овластен проценител за вредноста на недвижниот имот што служи како обезбедување.

Член 4

(1) Врз основа на податоците и документите од член 3 од овој Правилник, Комисијата одлучува по Барањето, односно во рок од 10 календарски дена донесува решение со кое го одобрува или одбива барањето за приватна понуда, сметано од денот на комплетирање на барањето.

(2) Во случај на поднесување на непотполно, неуредно или барање со формално правни недостатоци, Комисијата со Решение ќе ја прекине постапката и ќе му одреди на подносителот рок во кој е потребно да ја дополни документацијата, при што ќе го предупреди за последиците од непостапувањето. Доколку подносителот не ја дополни документацијата и не ги отстрани недостатоците на Барањето во рокот ќе се смета дека подносителот се откажал од Барањето, а Комисијата ќе донесе решение за запирање на постапката поведена по истото.

ДЕЛ 2

Член 5

**Форма и содржина на Соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда**

(1) Соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда до Комисијата го поднесува издавачот на хартиите од вредност во предлог форма со печат на издавачот и потпис на лицето/лицата што го застапува/ат издавачот.

(2) Соопштението од став (1) од овој член до Комисијата се поднесува на пропишаниот образец: „Соопштение за издавање на хартии од вредност” (Образец С-ПП) од Прилог 7 на овој Правилник.

(3) Соопштението во пропишаниот образец од став (2) на овој член до Комисијата може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

(4) Издавачот на хартиите од вредност е должен соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда да го објави во форма и содржина одобрена од Комисијата.

(5) Издавачот на хартиите од вредност е должен соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда да го објави на македонски јазик во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија првиот ден по конечноста односно правосилноста на решението за давање одобрение за издавање на хартиите од вредност издадено од Комисијата.

(6) Издавачот на хартиите од вредност може соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда да го објави и во дневен весник што излегува на територијата на Република Северна Македонија на еден од јазиците на заедниците во Република Северна Македонија.

Член 6

(1) Соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда, задолжително ги содржи следните податоци:

1. Број и датум на решението за одобрување на барањето за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда издадено од Комисијата

2. Број и датум на актот за издавање на хартии од вредност на издавачот;

3. Податоци за дејноста на издавачот на хартиите од вредност:

3.1. назив на издавачот, седиште и матичен број на издавачот на хартиите од вредност;

3.2. податоци за основањето, правниот облик и организацијата на издавачот

3.3.претежна дејност на издавачот.

4.Податоци за капиталот на издавачот со состојба на крајот на претходната деловна година и состојба по промените кои настанале во тековната година заклучно со денот на поднесување на барањето за одобрување на издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда:

4.1.запишан капитал;

4.2.премии за емитирани акции;

4.3.ревалоризациона резерва;

4.4.резерви;

4.5.акумулирана добивка / пренесена загуба, и

4.6.добивка / загуба за финансиската година.

5. Структура на капиталот на издавачот според родовите и класи на хартии од вредност со состојба на денот на поднесување на барањето за одобрување на издавање на хартии од вредност.

6. Податоци за емисијата на хартии од вредност:

6.1.бројот на хартии од вредност што се издаваат, родот, класите и номиналната вредност;

6.2.вкупна номинална и вкупна продажна вредност на емисијата;

6.3.намена на средствата;

6.4.цената по која се нудат хартиите од вредност;

6.5.рок на запишување и купување на хартиите од вредност.

(2) Доколку приватната понуда на хартии од вредност се однесува на должнички хартии од вредност гарантирани од едно или повеќе правни лица, соопштението содржи и основни информации за гарантот на емисијата (назив на издавачот, седиште и матичен број на правното лице).

(3) Доколку приватната понуда на хартии од вредност се однесува на обезбедени обврзници, соопштението содржи и основни информации за недвижниот имот што служи како обезбедување и основни информации за заедничкиот застапник на имателите на обезбедени обврзници.

Член 7

Издавачот на хартиите од вредност може да започне да прима уплати за хартиите од вредност кои се предмет на приватната понуда од денот на објавувањето на соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда.

ДЕЛ 3

**Форма и содржина на известувањето за запишани и платени хартии од вредност**

Член 8

(1) Издавачот на хартии од вредност е должен до Комисијата да достави писмено известување за запишани и платени хартии од вредност од приватна понуда по истекот на рокот за реализација на приватна понуда на хартии од вредност, а најдоцна во рок од пет работни дена од завршувањето на приватната понуда.

(2) Во случај на приватна понуда на хартии од вредност која се реализира на посебен начин (зголемување на основната главнина од средства на друштвото, трансформација на заем даден од единствениот акционер на друштвото во влог во друштвото и сл.) без уплата на парични средства, известувањето за запишани и платени хартии од вредност се доставува во моментот на поднесување на барањето за запишување на зголемувањето на основната главнина на друштвото во трговскиот регистар.

(3) Известувањето од став (1) и став (2) на овој член се поднесува до Комисијата и се објавува во најмалку еден дневен весник во форма утврдена со Прилог 8, кој е составен дел на овој Правилник.

(4) Известувањето од став (1), (2) и (3) на овој член до Комисијата може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

Член 9

Известувањето од член 8 на овој Правилник ги содржи следните податоци:

1.Број на решение издадено од Комисијата со кое се одобрува приватната понуда;

2.Редослед на емисијата на хартии од вредност;

3.Апсолутна вредност на продадените хартии од вредност од приватната понуда по видови, родови и класи на хартии од вредност;

4.Релативна вредност (процент) на реализација на приватната понуда на хартии од вредност по видови, родови и класи на хартии од вредност;

5.Број на продадени/издадени хартии од вредност, вкупно и по одделни видови, родови и класи;

6.Датум и место на објавување на соопштението за приватна понуда;

7. Доказ за реализација на приватната понуда на хартии од вредност односно уплатите (налози за плаќање, документ за компензација, и др.). Во случај на приватна понуда на хартии од вредност која се реализира на посебен начин (зголемување на основната главнина од средства на друштвото, трансформација на заем даден од единствениот акционер на друштвото во влог во друштвото и сл.) без уплата на парични средства, кон известувањето од член 9 на овој Правилник, до Комисијата се доставува доказ дека зголемувањето на основната главнина е пријавено во трговскиот регистар.

ДЕЛ 4

**Форма и содржина на известување за реализација на приватна понуда на хартии од вредност**

Член 10

(1) Издавачот е должен најдоцна во рок од 7 (седум) календарски дена од денот на регистрирањето на хартиите од вредност во овластен регистар на хартии од вредност да ја извести Комисијата и јавноста за реализација на емисијата. Издавачот е должен да достави соодветен извод од овластениот регистар на хартии од вредност, како и известување за реализација на приватна понуда на хартии од вредност согласно Прилог 9 кој е составен дел на овој Правилник.

(2) Известувањето од став 1 на овој член се поднесува до Комисијата исклучиво на пропишаниот образец И-ПП, кој е составен дел на овој Правилник.

(3) Образецот И-ПП треба да е испишан електронски, уредно, читливо, без корекции, да е потврден со печат на издавачот и потпис на лицето/лицата што го застапува/ат издавачот. Образецот И-ПП задолжително ги содржи сите пропишани податоци.

(4) Известувањето од став 1 и 2 на овој член до Комисијата може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

Член 11

Известувањето за реализација на приватна понуда на хартии од вредност од член 12 на овој Правилник од страна на издавачот треба задолжително да содржи:

1.Број на решение издадено од Комисијата со кое се одобрува приватната понуда;

2.Датум на добивање на решението за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност;

3.Редослед на емисијата на хартии од вредност;

4.Апсолутна вредност на продадените хартии од вредност од приватната понуда по видови, родови и класи на хартии од вредност;

5.Релативна вредност (процент) на реализација на приватната понуда на хартии од вредност по видови, родови и класи на хартии од вредност;

6.Број на продадени/издадени хартии од вредност;

7.Вид, род и класа на продадените/издадените хартиите од вредност;

8.Права кои ги носат продадените/издадените хартии од вредност;

9.Податоци за структурата на купувачите на хартии од вредност;

10.Временски период (датуми) во кој се примани уплатите за хартиите од вредност, во случај приватната понуда да се реализира со парични уплати за хартиите од вредност;

11.Датум на пријавување на акциите за упис во Трговскиот регистар на Централниот Регистар, во случај на издавање на нови акции;

12.Датум на Решение од Трговскиот регистар на Централниот Регистар на Република Северна Македонија за упис на промените, во случај на издавање на нови акции;

13.Датум на пријавување на хартиите од вредност за упис во овластениот депозитар;

14.Датум на упис во овластениот депозитар;

15.Апсолутна вредност на основната главнина по реализација на емисијата на хартии од вредност, во случај на издавање на нови акции;

16.Број на акции од кои се состои основната главнина на издавачот по реализацијата на емисијата на хартии од вредност по видови акции, во случај на издавање на нови акции;

17.Датум и место на објавување на соопштението за приватна понуда и

18. Датум и место на објавување на известувањето за запишани и платени хартии од вредност од приватна понуда.

**Преодни и завршни одредби**

Со денот на примената на овој Правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност, на соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда, на известувањето за запишани и платени хартии од вредност по пат на приватна понуда и на известувањето за реализација на приватна понуда на хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2021).

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од денот на започнување на примената на Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 66/2024).

Бр. 01-621/1
4 октомври 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.